

ДОЧЕК НА НОВАТА 2027 ГОДИНА

БУДВА-ТРЕБИЊЕ-ТИВАТ-КОТОР-БАР

НОВОГОДИШНИ КОНЦЕРТИ СО ЖЕЉКО ЈОКСИМОВИЌ И ДИНО МЕРЛИН

Доживејте незаборавно патување низ најубавите делови на Балканот со носталгичен ритам, аранжман што ги комбинира богатата историја, културното наследство и волшебната природа. Посетете градови и места кои раскажуваат приказни со векови:

БУДВА - бисер на Јадранот, центар на медитеранскиот туризам. Место каде се вкрстени влијанијата на истокот и западот, хеленската и римската култура. Стариот град со својата архитектура привлекува илјадници туристи, кој во вечерните часови се претвара во отворен театар за сечиј вкус.

ТРЕБИЊЕ - првиот ден од Новата година поминете го во градот на сонцето, виното и херцеговачкото гостопримство. Камените улици на Стариот град, шармантните плоштади и опуштената празнична атмосфера го прават Требиње идеално место за бегство од секојдневниот живот. Започнете ја Новата година во град кој плени со својата топлина, автентичност и медитерански дух.

ТИВАТ - Познат по својата живописна крајбрежна линија, историскиот шарм и растечкиот луксузен туризам. Овој волшебен крајбрежен град им нуди на посетителите совршена мешавина од традиционалното наследство и модерната софистицираност.

КОТОР - Прошетајте низ тврдината и нејзините камени улички, фотографирајте палати и средновековни цркви, запознајте се со животот на морнарите, sирнете во морскиот свет на Јадранското Море, вдишете го секојдневниот живот на топлите луѓе и впијте ги вкусовите на црногорската кујна.

Програма на патување:

1 ден: 30.12.2026 год. Поаѓање за Будва од **Скопје** на паркингот СЦ "Борис Трајковски" во 23.00 часот со туристички автобус. **(** Поаѓања вклучени во цената од **Битола** 19.00ч; **Прилеп** 20.00 часот; **Кавадарци** во 21.15 часот; **Кочани** 20.00 часот; **Гевгелија** 19.00ч; **Струмица** 20.00 часот; **Радовиш** 20.30 часот; **Штип** 21.30 часот; **Велес** 22.00 часот и **Куманово** 22.00ч **)**. Патот води преку Косово и Албанија. Ноќно возење со попатни одмори.

2 ден: 31.12.2026 год. Пристигнување во **Будва** во предпладневните часови, (пауза за фотографирање и уживање во прекрасната панорама на **Св. Стефан**-едно од најмонденските остров-летувалишта на Јадранското море). Сместување во хотел / приватно сместување. Слободно попладне за прошетка по кејот на познатата Словенска плажа, бројните кафулиња, ресторани, бутици и галерии. Улиците и плоштадите на Стариот град Будва се сеќаваат на човечките стапки од пред повеќе од 2000 години. Многу култури се вкрстиле на овој мал карпест полуостров и секоја од нив оставила свој запис како свој белег, опкружен со ѕидини од венецијанската ера. Оваа област е идеална за прошетка низ тесните, камени улички кои зрачат со шарм на некои минати времиња, а што се однесува до знаменитостите, не заборавајте да ја посетите Цитаделата - најважната градба на Стариот град која датира од средниот век. Внатре во Цитаделата можете да посетите мал музеј со експонати поврзани со историјата на градот и да уживате во спектакуларен поглед на Будва и Јадранското Море од врвот на тврдината. Уживање покрај море во предновогодишна атмосфера. Вечерта **дочек на Новата 2027 година** пред платото на Стариот град во Будва со богата уметничка програма и **новогодишен концерт на Жељко Јоксимовиќ. Ноќевање.**

3 ден: 01.01.2027 год. Појадок. По појадокот заминување на факултативен излет до **Требиње** преку Тиват со траект. "Градот на сонцето и платаните", сместен под планината Леотар во долината на реката Требишњица, која тече низ самиот град. Посета на туристичкиот комплекс **Херцеговачка Грачаница**, од каде што можете да уживате во незаборавен поглед на целиот град. Црквата посветена спрема Пресвета Богородица е реплика на црквата Грачаница во Косово и е едно од најубавите места за фотографирање. Место поврзано со желбата на познатиот поет Јован Дучиќ да почива во неговиот роден

крај. А Требиње, бајковитиот град бил културен и духовен центар на Источна Херцеговина низ историјата. Стариот историски центар ни раскажува за богатото и бурно минато од времето на Илирите, Римјаните, Словените, Турците и Австроунгарците каде сите овие народи оставиле свој белег во архитектурата, обичаите и начинот на живот кој ги воодушевува посетителите. Покрај реката Требишњица и нејзините мостови (мостот Арсланагиќ, мостот Иво Андриќ и Камениот мост) каде можете да направите сопствена разгледница, музејот на Херцеговина, прошетка правиме и низ тесните улички на стариот град со посета на Саат кулата, градските ѕидини, плоштадите, градската порта (тунел) што го поврзува Стариот град со остатокот од градот. Плоштадот на поетите каде што можеме да се фотографираме со дрвја-јавори постари од 120 години, кои претставуваат симбол на градот, и да се освежиме на една од камените фонтани. На плоштадот има можност да се видат и подароците на поетот Јован Дучиќ за неговиот град (Јелена Анжујска, бистата на Његош и лавовите на влезот во паркот). Попладне враќање во Будва. Слободно време. Вечерта **можност за факултативна посета на Бар со концерт на Дино Мерлин**. **Ноќевање.**

4 ден: 02.01.2027 год. Појадок. По појадокот заминување на факултативен излет до Бокакоторскиот залив, со посета на историскиот и средновековен **Котор** и живописниот и раскошен **Тиват**. Прошетка во стариот дел на Котор опколен со ѕидини, испреплетени мали улици каде што се наоѓаат катедралата Св. Трифун и препознатливите цркви Св. Лука, Св Ана, црквата на Пресвета Богородица, средновековна архитектура, бројни споменици и палати кои го вклучуваат градот во УНЕСКО. Слободно време за индивидуални прошетки или можност да вкусите од познатите његушка пршута, сирење и домашно вино. Патувањето продолжува за **Тиват,** кој во последните години стана омилена дестинација на туристите ширум светот. Причината за тоа лежи во шармот на овој град но и во неговиот луксузен комплекс **Порто Монтенегро**, често споредуван со Монако, дизајниран да ги задоволи потребите на сопствениците на јахтите, членовите на екипажот и туристите. Уживајте со кафе во еден од прекрасните локали покрај брегот и погледот на луксузните јахти. Патувањето продолжува за Македонија со попатни одмори. Пристигнување во доцните вечерни часови.

ЦЕНА: 109 евра (6.750 денари) за приватно сместување
*145 евра (8.950 денари) за сместување во хотел 3**

Во цената се пресметани следните услуги:

- ✓ Превоз со туристички автобус на дадената релација;
  (Поаѓања вклучени во цената од Битола, Прилеп, Кавадарци, Кочани, Гевгелија, Струмица, Радовиш, Штип, Велес, Куманово)
- ✓ Сместување во хотел 3* во Будва на база две ноќевања со појадок;
- ✓ Сместување во приватни вили во Будва на база две ноќевања;
- ✓ Посета на Св.Стефан;
- ✓ Организација и пратител на патувањето

Во цената не се пресметани следните услуги:

- Факултативен излет до Требиње -20 евра
  (минимум 30 лица пријавени за реализација);
- Факултативен излет до Котор, Тиват-Порто Монтенегро -20 евра
  (минимум 30 лица пријавени за реализација);
- Факултативна вечерна посета на Бар со концерт на Дино Мерлин -15 евра
  (минимум 30 лица пријавени за реализација);
- **Пакет цена за излети до Требиње, Котор, Тиват-Порто Монтенегро и вечерна посета на Бар со концерт на Дино Мерлин -50 евра**
  (минимум 30 лица пријавени за реализација);
- Туристичка такса за сместување во Будва -3 евра (се плаќа во агенцијата)
- Влезници за посети;
- патничко осигурување

НАПОМЕНА: За реализација на аранжманот потребни се минимум 40 патници. За секое лице потребно е важечка бометриска лична карта или биометриски пасош; Цените се дадени во евра а плаќањето е во денарска противвредност на еврото по курс 61.8 денари. За овој аранжман важат општите услови за патување на Т.А. Терра тРавел Скај.